**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

Врз основа на член 8 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18), Градоначалникот на Општина Зелениково објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

до доверителите на **Општина Зелениково** и доверителите на единките корисници основани од Општина Зелениково, од областа на образованието, детската и социјалната заштита, за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања

Се повикуваат доверителите на Општина Зелениково и доверителите на единките корисници основани од Општина Зелениково, од областа на образованието, детската и социјалната заштита да ги пријават доспеаните а неплатени побарувања.

Рокот за пријавување на побарувањата е 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик. Денот на објавување на Јавниот повик не се засметува во рокот.

Право на пријавување на побарување имаат доверителите за побарувања доспеани **до 30.09.2018 година** евидентирани во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските.

Со пријавата, доверителите се должни да ја достават и следната документација:

- Договор или друг акт од каде произлегува побарувањето помеѓу Општина Зелениково и доверителот;
- Фактура/Ситуација за задолжувањето (аналитичка картица).

Документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница подносителот на барањето ја потврдува со свој потпис и печат.

ул.1, br.2, Зелениково, tel.+389 2 717 238; faks. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.mk
www.zelenikovo.gov.mk

Пријавата за побарување за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ја подигнат од архивата на општината или да ја превземат од web страната на Општина Зелениково www.zelenikovo.gov.mk

1. Рок и начин на доставување на пријавите

Рокот за поднесување на пријавите е 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето на јавниот повик. Јавниот повик и обрасците „Пријава на побарување согласно Јавен Повик до доверителите на Општина Зелениково и доверителите на единките корисници основани од Општина Зелениково од областа на образованието, детската и социјалната заштита за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања Бр.03-679/1 од 06.12.2018 година " ќе бидат објавени и на web страната на Општина Зелениково.

Пријавата со потребната документација да се достави преку пошта со препорачана пратка или лично во архивата на Општина Зелениково (од 08:00 до 16:00 часот секој работен ден), на ул.1 бр.2, 1053 Зелениково.

Пријавите со потребната документација примени по истекот на рокот, нема да бидат земени во предвид.

Подетални информации, заинтересираните правни субјекти можат да добијат на телефонскиот број 02/2717-238 - Одделение за финансиски прашања, или на електронската адреса: op_zelenikovo@yahoo.com.

По завршувањето на Јавниот повик, Општина Зелениково во рок од 8 дена ќе ги разгледува пристигнатите пријави, а Градоначалникот на Општина Зелениково ќе постапи во согласност со Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18).

**Градоначалник,**

**Борче Гиевски, с.р.**

Број 03-679/1

од 06.12.2018 година
Зелениково

ДО: ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

# П Р И Ј А В А

На побарување согласно Јавен Повик до доверителите на Општина Зелениково и доверителите на единките корисници основани од Општина Зелениково, од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања бр.___________ од 06.12.2018 година

Име и презиме (назив на фирма): ________________________________

Адреса (седиште)_______________________________________________
ЕМБГ/ЕДБ_____________________________________________________
Тел:__________________________________________________________
Износ на побарување____________________________________________
e-mail:________________________________________________________

*Документација во прилог: _______________________________________
_______________________________________
_______________________________________

- (како должник се наведува Општината или единката корисник).
- (се доставува документација поврзана за правниот основ на пријавеното побарување во оригинал или заверена копија)

Зелениково, ____/____/ 2018 година.                Пријавил:
__________________